Тања МИЛОШЕВСКА

**УДК: 323.285:179.7(100)**

# ТЕРОРИСТИ-САМОУБИЈЦИ


***Кратка содржина***

*Во минатите две декади, терористичките организации во голема мерка зависеа од самоубиствените напади за постигнување на политички цели. Во поново време скоро сите самоубиствени терористички кампањи имаат иста специфична цел: да се присили демократската држава да ги повлече борбените сили од териториите кои се од голема важност за терористите.*

*Ако гледаме на самоубиствениот тероризам како на одговор на туѓата окупација наместо како на продукт на исламскиот фундаментализам, тогаш ова размислување има моќни импликации за тоа како владата на САД треба да ја спроведе војната против тероризмот.*


***Клучни зборови:*** *ТЕРОРИСТИVСАМОУБИЈЦИ, ТЕРОРИСТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ, РЕЛИГИЈА, ИНДОКТРИНАЦИЈА, ВЕРУВАЊЕ, СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ.*

## Вовед

Извештаите за самоубиствените бомбашки напади го прават овој некогашен спореден феномен, да изгледа како индустрија на најсмртоносно оружје од терористичкиот арсенал. Ефективноста на овој метод им обезбеди омилено место во главите на креаторите и организаторите на терористичките напади првенствено поради успешното доаѓање до метата и предизвикување смрт, повреда, штета и хаос.

Самоубиствениот тероризам има за цел да ја принуди државата на непријателот да ги исполни барањата на терористите и да ги казни членовите на државата – мета за секое зло кое е нанесено на нивната заедница.

Покрај значајните тактички предности, добивката на почетната морална победа која ја носи со пораката „да се умре за нас не е ништо, туку претставува чест и желба да се направи за иднината на нашата идеја. Како тогаш можете да не сопрете?“, неспоредлива е со било која друга порака.

## Поим и карактеристики

Терористите-самоубијци или како што ги нарекуваат бомбаши-самоубици претставуваат нови камикази односно нова верзија на претставниците на современата секта позната како Асасини.

Зборот „ассасин" – (убиец, атентатор) – „човек кој убива други на подмолен и насилен начин" – претставуваше назив на радикалниот огранок на муслиманската шиитска секта Исмаили која во периодот од 1090 и 1272 година се бореше да ги одбие христијанските крстоносци кои се обидуваа да ја заземат територијата на денешна Сирија и Иран.

Насилството што го спроведувале Асасините имало двојна цел: победа врз христијанскиот непријател и забрзување на доаѓањето на новиот милениум.

Важен дополнителен мотив за еден Асасин било ветувањето дека ако загине во текот на изведувањето на нападот, веднаш ќе отиде на величенственото небо. (М.Котовчевски, 2004:71).

Употребата на самоубиствени напади не само како „оружје на протест, туку и како оружје на застрашување и оружје на репресалии", е воедно охрабрување на своите следбеници да го направат истото. (Б. Раман).

За разлика од Асасините кои своето убиствено лудило го достигнуваа со земање на хашиш, денешните (само)убијци исто така се обземени со жесток деструктивен порив кои наместо со хашиш, се постигнува со дејството на религиозниот или политички опиум. (М. Котовчевски, 2004:72).

„Подготвеноста да се жртвува нечиј живот во процесот на уништување или обидите за уништување на метата со политичка цел. Намерата на психолошко и физичко воениот трениран тероририст е да умре додека ја уништува непријателската мета". (Р. Гунаратна, 2000).

Овој вид на тероризам е поблизок до аскеза – испосништво, покајништво, самоодрекнување, отколку до испран мозок што навистина ги прави многу моќни и непоколебливи во остварувањето на нивната цел.

Денес, терминот „бомбаш-самоубиец" е заменет со „операција на маченииштво". Угледот на овие млади луѓе во определени средини е толку голем, дури и неочекувано толку голем што никој не се осудува да ја прекине оваа опасна самоубиствена пракса. (М. Котовчевски, 2004:75).

Вистински самоубиствен напад е кога терористот знае многу добро дена нападот нема да биде извршен ако тој не загине во процесот. (Б. Ганор).

Друг автор ја дава следнава дефиниција: „Политички мотивиран насилен напад изведен од самосвесна индивидуа (или индивидуалци) кои активно и намерно ја предизвикуваат својата смрт дигајќи се себе во воздух заедно со одбраната мета. Сигурната смрт на извршителот е предуслов за успех на неговата мисија". (Ј. Швајцер, 2000).

Денес во Израел, но и пошироко во светот, повторно се издигнува еден опасен бран на терористичко лудило, кое го спроведуваат т.н. „бомбаши-самоубијци". Таа нивна саможртва која е резултат на верскиот фанатизам, високиот степен на индоктринација и стекнување чест на маченик им го отвара патот кон рајот и кон средбата со Алах. Тие во пресрет на смртта одат со т.н. „насмевка на радоста", шиитски (но и сунитски) обичај со кој се означува радоста на маченииштвото (М. Котовчевски, 2003).

## Самоубиствени операции

Широко гледано, метите на терористите-самоубијци се секоја инфраструктурна и човечка цел. Тие понекогаш се продукт на осмислена стратегија а некогаш резултат на злобна фантазија со цел внесување страв. Метите можат да бидат статични или мобилни, воени, полициски, економски, политички или цивилни. Самоубиствените операции се карактеризираат со врвна конспиративност и нивниот успех зависи од постигнатото ниво на таа цел како и од извидување и мулти проба. Организацијата се заснова на работата на неколку луѓе таканаречени операционални ќелии кои се одговорни за сместување, храна, безбедноста и транспортот на бомбашот додека тој/таа не стигнат до метата. Постојан агент дава известување за операцијата, извидување и надгледување на метата. Кога бомбашот-самоубиец пристапи во зоната на потенцијалната мета, најчесто го презема водството во финалното извидување.

Самоубиствените операции можат да се изведат со екплозив кој човекот го носи околу појасот. Во урбаните сообраќајни услови најчесто се користи моторцикл со екплозивен терет кој му овозможува на бомбашот самоубиец најлесно да се приближи до возилото во кое се наоѓа метата. За поголеми количини екплозив, неопходен за поголемо разорно дејство – за инфраструктурни мети се користат

возила (автомобил, комби, камион), додека пловните објекти се напаѓаат со пловни средства. За специјалните самоубиствени операции од воздух се користат хеликоптери но и цивилни авиони. (Р. Гунаратна, 2000).

Боаз Ганор, извршниот директор на Институтот за противтероризам од Израел распознава шест карактеристики на самоубиствениот напад:

1. Самоубиствениот напад резултира со многу несреќни случаи и предизвикува екстензивна штета;
2. Привлекува широка медиумска репортажа и со тоа влијае на наметнување на саможртвувањето меѓу терористите и идните регрути;
3. Самоубиствениот напад е многу прост и примитивен. Употребата на самоубиствена тактика гарантира дека нападот ќе биде извршен во најсоодветно време и на најсоодветно место со оглед на локацијата на метата. Овие гаранции предизвикуваат максимален број на несреќни случаи (за разлика од временските бомби и бомбите со далечинско управување). Терористот-самоубиец не е ништо повеќе од софистицирана бомба која ќе го донесе експлозивот на вистинската локација и ќе го детонира во вистински време;
4. Многу е тешко да се спречат самоубиствените напади кога терористот ќе се насочи кон метата, дури и силите на безбедност да успеат да го спречат пред да стигне до метата, тој може да го активира експлозивот и да направи штета;
5. Планирањето и изведување на бегството после терористичкиот напад е вообичаено најкомплицираниот и најпроблематичен дел од нападот. Самоубиствениот терористички напад не бара план за бегство;
6. За терористот-самоубиец не постои страв дека ќе биде заробен и испрашуван од страна на безбедносните сили и дека ќе даде информации кои можат да ги загрозат останатите активисти.

Крвавата самоубиствена терористичка кампања што Хамас и Палестинскиот исламски џихад ја спроведуваат против Израел зборува за вистинските последици од овие чувства и за нивната посветеност кон светите цели, но претставува и замена за оружјето кое што го поседува непријателот. (М. Котовчевски, 2003).

## Стратегиска логика на самоубиствениот тероризам

Во минатите две декади, терористичките организации во голема мерка зависеа од самоубиствените напади за постигнување на политички цели. Во поново време скоро сите самоубиствени терористички кампањи имаат иста специфична цел: да се присили демократската држава да ги повлече борбените сили од териториите кои се од голема важност за терористите.

Терористичките групи кои што применуваат самоубиства како тактика ја следат стратегиската логика со присилување на демократските влади да ја променат својата политика, но мотивацијата на индивидуалните напаѓачи се унапреди во последните неколку години. При бомбашките напади во Лондон на 7 јули 2005 година, и неуспешниот заговор да се дигнат во воздух авионите над Атлантикот разоткриени во август 2006 година, актуелните и идните терористи самоубијци, лично не страдале под туѓа окупација, но сочуствувале со страдањето на сличните групи. Длабоката лутина од употребата на странски борбени сили за да се потисне/забрани националната самоопределба на сличните групи е доволно да инспирира самопожртвуваност дури и кога лични мотиви на одмазда се потполно отсутни. Ако гледаме на самоубиствениот тероризам како на одговор на туѓата окупација наместо како на продукт на Исламскиот фундаментализам, тогаш ова има моќни импликации за тоа како владата на САД треба да ја спроведе војната против тероризмот.

Самоубиствениот тероризам не е нов феномен. Во изминативе две децении терористичките организации во Либан, Западниот брег, Чеченија, Кашмир, Ирак и на други места во голема мерка се потпираат врз самоубиствени напади за постигање на главните политички цели.

*„Го познаваме ужасот. Подготвени сме да не бидеме изненадени, иако самоубиствените напади често доаѓаат после месеци релативно затишје. Но дали разбираме што е она што ги тера видум обичните луѓе да прицврстат експлозив за нивните тела и намерно да се убијат себеси во мисија да убијат други?"*

Деталното истражување на секој терористички самоубиствен бомбашки напад во светот од 1980 година па до крајот на 2003 година – со вкупно 462 бомбаши-самоубијци кои загинале во извршувањето на мисијата заклучува дека повеќе од половина од овие бомбаши биле мотивирани од верски цели. Најмалку 30 проценти од сите самоубиствени терористички напади извршени од Муслимани се спроведени во името на групи со чиста верска основа, како што се при-

падниците на Курдистанската работничка партија во Турција. Доказите од Ирак, Авганистан и во светот во минатите две години се вклопуваат во оваа шема.

Во меѓувреме, светски лидер на самоубиствениот тероризам во изминативе години е група за која многумина на Запад не слушнале – Тамилските тигри во Шри Ланка. Во април 2006 година, Тамилските тигри започнале со употреба на самоубиствени напади како средство на постигнување на нивните цели во Шри Ланка по престанокот на користење на ваквата тактика од пред неколку години. Оваа група со верска ориентација, која се стреми кон Марксистичка политичка идеологија, и чии припадници се доминантно Хиндуси имаат извршено повеќе самоубиствени терористички напади отколку Хамас или Исламскиот џихад. Наместо религија, сите самоубиствени терористички напади во светот имаат заедничка специфична политичка цел: да ја принудат демократската држава да ги повлече борбените сили од териториите со голема важност за терористите и која што терористите ја сметаат за своја татковина. Ова беше главната цел на секоја кампања на самоубиствениот тероризам од 1980 година, од Либан, Шри Ланка и Чеченија па се до Кашмир, Западниот брег и Ирак. Исто така, ова важи и за Ал Каеда – организацијата која претставува најголема закана за Американците.

Првичните дефиниции за самоубиствениот тероризам биле развиени за време на 1980-тите и биле усогласени со податоците од тој период.

Прво, иако религиозните мотиви се важни, модерниот самоубиствен тероризам не е ограничен само на Исламскиот фундаментализам. Исламските групи добиваат најголемо внимание во западните медиуми, но како што споменавме светскиот лидер во самоубиствен тероризам е всушност Марксистичко-Ленинистички Ослободителни Тигри на Тамил Елам (LTTE). (Е. Спринзак, 2000:66).

Второ, иако истражувањето на личните карактеристики на напаѓачите самоубијци може еден ден да помогне во идентификација на индивидуи кои терористичките организации би ги регрутирале за нивните цели, брзото ширење на самоубиствениот тероризам во изминативе две децении наложува дека терористите самоубијци не може да се категоризираат. До неодамна водечките експерти во психолошки профили на терористите самоубијци ги оквалификувале како необразовани, невработени, социјално изолирани, самци во нивните доцни тинејџерски години и во раните дваесетти. (А. Кругер, 2002:27)

Но денес знаеме дека терористите самоубијци може да бидат образовани или необразовани, самци или во брак, мажи или жени, социјално изолирани или интергрирани, тинејџери или во средни години (од 15-52 години). Барем еден од индивидуите уапсени во август во Велика Британија била жена, мажена за еден од идните бомбаши самоубијци и мајка на мало дете. (М. Јименез, 2006). Со други зборови, иако само мал број на луѓе стануваат терористи самоубијци тие доаѓаат од различни животни средини, и е невозможно да се препознаат однапред. (Р. Худсон, 1999).

Водачите на самоубиствените терористички организации всушност веруваат дека самоубиствените напади се ефективно присилно средство. Во изминативе 25 години, самоубиствениот тероризам постојано бил во пораст поради фактот дека терористите научиле дека се исплаќа.

Самоубиствениот тероризам е агресивна посебна форма на тероризам. Целта не е само да се умре туку и да се убие. Она што ги прави терористите самоубијци да се разликуваат е тоа што напаѓачите не очекуваат да ја преживеат мисијата и често применуваат метод на напад кој бара смрт на напаѓачот со цел да успее (како што се автомобил бомба, човек-бомба или удирање на авион во зграда). Во основа, терористот самоубиец убива други и во исто време се убива самиот. (Р. Пајп, 2005:10).

Во принцип, терористите самоубијци може да се искористат за демостративни цели, со други зборови, ја покажуваат одлучноста на групата или тие може да се ограничени само на одредени атентати. (Р. Нибур, 2002:231).

Во пракса, терористите самоубијци често имаат за цел да убијат што повеќе луѓе. Оваа карактеристика е важна затоа што ако самоубиствениот тероризам бил главно тактика која што се употребувала за да се постигне верската агенда, тогаш убивањето голем број на луѓе како одредена цел би бил лош начин за постигање на целите затоа што ќе ги оттуѓи оние луѓе кои можеби сочуствуваат со терористичката кауза но се дел од целта на нападот. Значи иако убивањето голем број луѓе го зголемува присилното влијание кое може да произлезе од тероризмот и тоа се прави по цена на терористичките бази за поддршка. (Џ. Стерн, 1999).

Иако присилата е елемент присутен во сите видови на тероризам, присилата е најважна цел кај самоубиствениот тероризам. Во основа самоубиствениот тероризам има за цел да ја принуди владата да ја промени политиката. Стратегиската логика е едноставна: самоубиствениот тероризам се стреми да нанесе болка и закана за идна болка со цел да се совлада отпорот кон барањата на терористите. За-

едничка карактеристика на сите самоубиствени терористички кампањи е тоа што ги казнуваат спротивставените општества било да е директно со убивање на цивили или индиректно со убивање на воени лица во услови кои не водат кон значајна победа на воено поле. Самоубиствениот тероризам многу ретко е само во еден чин, тој генерира присилно влијание како од непосредната паника од нападот како и од ризикот од закана за цивилите во иднина.

Самоубиствената терористичка волја да се умре ги величи присилните казнени ефекти на три начини.

*Првиот*, самоубиствените напади се главно подеструктивни отколку другите терористички напади. Напаѓач кој што е спремен да умре поверојатно е да ја постигне целта и да предизвика максимална штета на метата. Терористите самоубијци имаат поголеми шанси да се инфилтрираат покрај добро чуваните мети затоа што на нив не им треба план за бегство или тимови за спасување. Тие можат да се користат со одредени особено деструктивни тактики како што се „човек-бомба" и удирање на возило во метата. 315 терористички самоубиствени напади кои што се појавиле од 1980 година до 2003 година убиле околу 12 луѓе при секој напад, без да ги броиме напаѓачите или огромниот број на жртви од 11 септември, и преставуваат 48% од смртноста предизвикана од тероризам во тој период иако тие претставуваат само 3% од сите терористички напади. (Associated Press, 2005).

Некои од најсмртните напади во последните две години биле извршени од терористи самоубијци. На пример, самоубиствените напади во Ирак биле особено деструктивни во споредба со други форми на насилство. Постои цврст доказ од минатите случаи дека самоубиствените напади се многу посмртоносни отколку обичните напади. Систематското истражување врз штетата предизвикана од јапонските воздушни напади врз морнарицата на САД од октомври 1944 година до август 1945 година покажало дека мисиите на камиказите докажале дека се 4-5 пати поуспешни во оштетување или потопување на нивните цели отколку конвенционалните мисии. (Р. Онил, 2001:142).

*Втор* начин на кој што самоубиството го зголемува присилното влијание е всушност што не успева да направи отстапка. Ова може да се нарече „уметност на мачеништво". Истиот овој етос на саможртвување (саможртва) и самоубиствено мачеништво денес може да се види во многу исламски, но и во други верски терористички организации. (М. Котовчевски, 2006:72). Самоубиствените терористички организации вообичаено создаваат „митови на пожртвува-

ност“ кои вклучуваат цел еден систем на симболи и ритуали за да се обележи смртта на напаѓачот како придонес на нацијата. Фамилиите на напаѓачите самоубијци често добиваат материјални награди како од терористичките организации така и од другите подржувачи. (П. Шалк, 1997:76).

Самоубиствените акти, донесуваат политичка и финансиска добивка за терористичките организации кои ги спроведуваат. Утврдено е добивање релативна предност во трката за власт кај групите кои се служат со тактиката на самоубиствени напади. Финансиската добивка се покажала како извонреден резултат на самоубиствениот напад. Симпатиите, сочувството и поддршката кај истомислениците од дијаспората, внатрешните спонзори и спонзорите надвор од земјата се преточуваат во пари. На пример, после бомбашкиот напад во супермаркет кој го извршила една осумнаесетгодишна девојка, еден саудиски спонзор собрал повеќе од 100 милиони долари за Палестинците. (Извештај, 2003).

*Трето*, самоубиствените терористички организации се подобро позиционирани отколку групите кои што применуваат терористички тактики за зголемување на очекувањата за ескалирање на идни трошоци со намерно кршење на нормите со употреба на сила. Тие можат да го направат тоа преку непочитување на табуата кои се однесуваат на легитимните цели, и со проширување на регрутацијата за да се наруши очекувањата за границата на бројот на можни терористи.

Вкупно, беа извршени 315 самоубиствени терористички напади од 1980 до 2003 година, и тие се случија во различни земји, вклучувајќи ги Либан, Турција, Индија, Шри Ланка, Чеченија, Ирак, Саудиска Арабија, Мароко, Алжир, Јемен и САД.

Девет спорни прашања водеа кон самоубиствени терористички кампањи во овој период:

1. Присуството на Американските сили во Либан;
2. Присуството на Француските сили во Либан;
3. Израелската окупација на Западниот брег и Газа;
4. Независноста на Тамилскиот регион на Шри Ланка;
5. Руската окупација на Чеченија;
6. Индиската окупација на Кашмир;
7. Индиската контрола на Пенџаб;
8. Присуството на Американските сили во Персискиот залив и
9. Присуството на Американските сили во Ирак.

Податоците покажуваат дека сите самоубиствени терористички кампањи имаат заедничка карактеристика – специфична секу-

ларна и стратегиска цел: да ги принудат демократиите да ги повлечат своите воени сили од територијата која е од терористичко значење. Религијата е ретко причина, но сепак е често употребувана како средство на терористичките организации за регрутирање на нови членови.

Три општи образци/модели го поддржуваат заклучокот дека самоубиствениот тероризам е главно стратегиски феномен:

1. **Избор на најсоодветно време:** скоро сите самоубиствени напади се јавуваат во организирани и кохерентни кампањи, а не како изолирани или случајно темпирани инциденти.

   Од 315 самоубиствени терористички напади помеѓу 1980 и 2003 година, 301, или 95% беа организирани, дел од поврзани кампањи, а само 14 беа изолирани или случајни настани.

   Ирачките бунтовници се ангажирани во кампања за одговор на присуството на Американските сили во Ирак и Персискиот залив. Присуството на Западните сили во Авганистан даде поттик на нови самоубиствени терористички напади. Деструктивните ефекти од оваа кампања се почувствуваа и помеѓу авганистанскиот народ, но принудните дејства се наменети за Западните демократии кои имаат трупи во Авганистан.

2. **Територијални цели:** самоубиствените терористички кампањи се насочени кон добивање на контрола врз територијата кој терористите ја сметаат за нивна татковина, и особено при протерувањето на странските сили од таа територија.

   Реализираната анкета од страна на Саудиската влада во 2002 година востанови дека повеќе од 90% од Саудијците се сложуваат со Бин Ладен дека странските сили треба да бидат протерани од Арапската пенинсула. (Е. Скиолино, 2002).

   Терористичкото насилство на Хамас беше внимателно пресметано и контролирано за да ги постигне одредените цели. Во април 1994 година, кога започна првата самоубиствена кампања, лидерите на Хамас објаснија дека „мачеништичките операции" ќе се употребуваат за го остварат повлекувањето на Израел од Западниот брег и Газа. Лидерите на Хамас истакнаа дека при реализирање на главната цел – создавање Исламска држава од реката Јордан до Медитеранот можат да бидат неопходни и други форми на вооружен отпор. (К. Хроуб, 2000).

3. **Избор на мета:** самоубиствените терористички кампањи во последните две децении нишанат на демократиите кои што се поприкладни мети од терористичка гледна точка. Националистичките движења кои што се соочуваат со недемократски противници не се служат со самоубиствени напади како средство за вршење присила.

Врз основа на изложените факти, самоубиствените напади треба да се сфатат и разгледуваат како дел од комплексниот начин на терористичко дејствување. Гледано од страна на нивните организатори, самоубиствените акции се примитивен и прецизен начин на пласирање и активирање на уредите за екстензивно разорување како одговор на далечинското наведување на проектили кои ги користат нивните непријатели. На основа на тоа, моралноста на таквите чинови не се доведува во прашање.

Перспективата од која судат жртвите и набљудувачите, е дека самоубиствените акции се најлош можен облик на уништување на човековите права, дерогирање на хуманите и природните постулати како за жртвата така и за извршителите.

## Заклучок

Самоубиствениот тероризам не е нов феномен. Во изминативе две децении терористичките организации во Либан, Западниот брег, Чеченија, Кашмир, Ирак и на други места во голема мерка се потпираат врз самоубиствени напади за постигање на главните политички цели.

Религискиот контекст како учесник во овој процес е всушност само збунување. Религијата се употребува само како еден од начините за индоктринација. Меѓутоа, таа не претставува вистинска причина поради која поединци одат во самоубиствени мисии.

За да се создаде бомбаш-самоубиец не е потребна религиска догма, туку цврста верба. Единствен начин кој може да има позитивен ефект за превенирање на самоубиствените напади е контраиндоктринацијата.

(Рецензент: *проф. д-р Митко Котовчевски*)

## ЛИТЕРАТУРА


Associated Press, (November 13, 2005), "Iraqi Woman Confesses to Role in Jordan Blast".

CRS Report for Congress, (2003), "Terrorist and Suicide attack", достапно на: www.fas.org/irp/crs/RL32058.pdf

Ganor, B., достапно на: http://www.ist.org.il/articles/articledetcfm?articleid=128.

Gunaratna, R., (2000), „Suicide Terrorism: A Global Threat", Jane's Intelligence Review, достапно на: http://www.janes.com/security/international_security/new/usscole/jir001020_1_n.shtml.

Hroub, K., (2000), "Hamas: Political Thought and Practice", Institute for Palestine Studies, Washington.

Hudson, A. R., (1999), "The Sociology and Psychology of Terrorism: Who Becomes a Terrorist and Why"? Washington: Federal Research Division, Library of Congress.

Jimenez, M., (2006), "Infant Reported to Be Tool of Terror Scheme," Globe and Mail.

Котовчевски, М., (2004), "Борба против тероризмот", Македонска цивилизација, Скопје.

Котовчевски, М., (2003), "Современ тероризам", Македонска цивилизација, Скопје.

Krueger, A and Maleckova, J., (2002), "Does Poverty Cause Terrorism?" The New Republic.

Niebuhr, R., (2002), "Moral Man and Immoral Society: A Study of Ethics and Politics", Louisville, KY: Westminster John Knox Press.

O'Neill, R., (2001), "Suicide Squads: The Men and Machines of WWII Special Operations", Guilford, CT: Lyons Press.

Pape, R., (2005), "Dying to Win: The Strategic Logic of Suicide Terrorism", New York: Random House.

Raman, B., „Suicide and Suicidal Terrorism", Paper 947, South Asia Analysis Group, достапно на: http://www.saag.org/papers10/paper947.html.

Schalk, P., (1997), "Resistance and Martyrdom in the Process of State Formation of Tamil Eelam," in Pettigrew, J., ed., "Martyrdom and Political Resistance", Amsterdam: VU University Press.

Sciolino, E., (2002),"Saudi Warns Bush," New York Times, January 27.

Sprinzak, E., (2000), "Rational Fanatics," Foreign Policy, September/October.

Stern, J., (1999), "The Ultimate Terrorists", Cambridge, MA: Harvard University Press.

Tanja MILOŠEVSKA

## SUISIDE TERRORISTS

### Summary

*Over the past two decades, terrorist organizations have increasingly relied on suicide attacks to achieve political objectives. The specific goal sought in almost all suicide terrorist campaigns in modern history is the same: to compel a democratic state to withdraw combat forces from territory prized by the terrorists.*

*Understanding that suicide terrorism is mainly a response to foreign occupation rather than a product of Islamic fundamentalism has important implications for how the U.S. government should conduct the war on terrorism.*

***Keywords:*** *SUICIDE TERRORIST, TERRORIST ORGANIZATION, RELIGION, INDOCTRINATION, BELIEVE, STRATEGIC GOAL.*